0303 1

Инв. Бр. 1/17

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМА НА СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***ОБРАЗОВЕН ПРОФИЛ***

*ПОМОШНИК МОЛЕРО-ЛАКЕР*

(ЗА УЧЕНИЦИ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ)

**Скопје, мај 2004 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на струката:** ГРАДЕЖНА

**1.2. Назив на образовниот профил:** помошник молеро-лакер

**1.3. Времетраење на образовниот профил:** три години за двегодишно образование

**1.4. Опфатени образовни профили:** помошник молеро-лакер

## 2. ХОРИЗОНТАЛНА МОБИЛНОСТ И ВЕРТИКАЛНА ПРООДНОСТ И НАПРЕДУВАЊЕ

**2.1. Сродни образовни профили на исто ниво**

/

**2.2. Соодветни образовни профили на повисоко ниво**

/

**2.3. Сродни образовни профили на повисоко ниво**

/

## 3. ПОЈДОВНИ ОСНОВИ НА КОИ СЕ ГРАДИ ОБРАЗОВНИОТ ПРОФИЛ (ПРЕДУСЛОВИ И БАРАЊА)

**3.1. Влез**

**3.1.1. Основен влез:** завршено основно образование

**3.1.2. Дополнителни влезови:** непотполно завршено основно образование под посебни услови согласно Законот

**3.1.3. Диференцијални испити и работно искуство**

/

**3.2. Инфраструктура на образовниот профил**

**3.2.1. Место на реализација и глобални услови**

Во училница, кабинети, специјализирани училници, училишни работилници, трговски друштва од областа на градежништвото и градежното занаетчиство

### 3.2.2. Начин на реализација

Воспитно-образовната работа се реализира преку предавања, практични вежби, демонстрации, домашни задачи, индивидуално, а практичната настава е под водство на инструктори и ментори.

### 3.2.3. Опрема и наставно-технички средства и помагала

Во текот на воспитно-образовната работа се користи: графоскоп, проектор, телевизор, фотокопир, компјутер, видео, слајдови, алати, шеми, слики, скици, апарати, пропаганден материјал.

Работилниците во рамките на училиштето треба да се опремени со комплет алати за секој ученик, алат за мерење (метар, либела, висок, линијар, конец), обични и метални четки со разни облици и димензии, садови за подготовка на боја, кофи, шпахтли, фангли, мистрии, ногалки и скали на расклопување, сита, хартија за мазнење, шприц-пиштоли со комплетен прибор, компресор со помошен прибор за прскање, машини за мешање на бои и спремање на кит, разни шаблони и елементи, противпожарни апарати и други средства за заштита.

Доколку не постојат такви услови, практичната работа се изведува во соодветни друштва и занаетчиски работилници, под водство на наставник.

## 4. ОПИС НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОФИЛ

### 4.1. Попис на работните задачи

Помошникот молеро-лакер може:
- да го подготвува алатот и приборот за работа;
- да го подготвува материјалот за изведување на молеро-лакерски работи;
- да ги чисти и подготвува површините за боење и лакирање;
- да нанесува едноставни основни и заштитни слоеви;
- да нанесува изолациони материјали;
- да подготвува метални површини за боење;
- да подготвува дрвени површини за боење;
- да нанесува заштитни премази;
- да го опслужува молеро-лакерот и други занимања од дејноста на градежништвото.

### 4.2. Подрачја на работа

Образовниот профил помошник молеро-лакер се вклучува во подготвителните работи и помошните работи при изведување на молеро-лакерските работи, го опслужува молеро-лакерот и други

занимања од дејноста на градежништвото во трговски друштва од дејноста на градежништвото и градежното занаетчиство.
Помошникот молер-лакер ја врши работата на едно место и/или на повеќе места со примена на рачен алат.

**4.3. Општи способности**

Помошникот молер-лакер има способности за:
- едноставни просторни релации;
- временско и просторно ориентирање;
- чувство за безбедност.

**4.4. Стручни способности**

Образовниот профил помошник молер-лакер треба:
- да има визуелна претстава за просторот;
- да ракува со алатите и приборот за изведување на молеро-лакерските работи;
- да ги подготвува материјалите за работа;
- да го одржува алатот и приборот;
- да ја одржува хигената на работното место;
- да користи хигено-технички заштитни средства.

## 5. ЦЕЛИ НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОФИЛ

**5.1. Општообразовни цели**

Помошникот молеро-лакер ги користи знаењата и вештините од мајчиниот јазик за усно и писмено комуницирање во рамките на своите можности. Поседува елементарни знаења од математика кои се потребни за совладување на стручното образование.

**5.2. Стручнообразовни цели**

**5.2.1. Знаења ( когнитивно однесување)**

Помошникот молеро-лакер е оспособен:
- да ги применува знаењата од заштита при работа;
- да ги препознава градежните материјали;
- да го одржува алатот и приборот за работа.

**5.2.2. Умеења (психомоторно однесување)**

Помошникот молеро-лакер умее:
- да нанесува едноставни основни и заштитни слоеви;
- да нанесува изолациони материјали;

- да подготвува метални и дрвени површини за боење;
- да нанесува заштитни премази;
- да го опслужува молеро-лакерот и други занимања од дејноста на градежништвото;
- да го одржува алатот и приборот во исправна состојба;
- да ја одржува хигената на работното место;
- да воспоставува комуникација во работната средина во рамките на своите можности.

### 5.2.3. Ставови (афективно однесување)

**а) Однос кон работата и средствата за работа:**

- да покажува позитивен однос кон работата и средствата за работа;
- да го чува алатот и приборот за работа;
- да одржува хигиена на работното место;
- да применува соодветни хигиено-технички заштитни средства;
- да го почитува работното време.

**б) Однос кон соработниците и клиентите**

Да покажува позитивен однос кон работата и соработниците.

**в) Однос кон претпоставените**

Професионален однос кон претпоставените:
- да покажува позитивен однос кон работата, соработниците и претпоставените.

## 6. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 6.1. Содржина на образованието

Во процесот на образованието ученикот треба да се здобие со знаења и умеења од областа на ***мајчиниот јазик*** во рамките на своите индивидуални можности за усна и писмена комуникација. Наставните содржини од ***математика*** се во функција на струката, а содржините од наставниот предмет ***граѓани за демократија*** се од посебно значење за овие ученици и е во функција на социјализацијата.
Наставните предмети: ***основи на градежништвото, градежни материјали, градежни конструкции, слободно цртање, технологија на работењето и практичната настава*** се во функција на стручно оспособување на учениците.
Наставните предмети се структуирани според педагошко-психолошките принципи на последователност, меѓусебна логичка

поврзаност од што произлегува логичката последователност на учењето.

## 6.2. Методи на образовниот процес

Согласно целите на наставните предмети за образовниот профил ***помошник молеро-лакер*** се применуваат следните наставни методи: фронтална, демонстрација, активна демонстрација на наставникот, индивидуално и работа во групи, гледање на видео-снимки.

## 6.3. Активности (на учениците и наставниците) во образовниот процес

Целокупниот воспитно-образовен процес за овие ученици, главно, се потпира на нагледност, бидејќи нивното мислење е на конкретно ниво. Од тие причини за **учениците** набљудувањето има посебно значење во наставата. Исто така, тие прибележуваат, читаат, ги применуваат стекнатите знаења за релации, учат во рамките на своите можности, изработуваат домашни задачи, посетуваат фирми од градежната дејност, изработуваат едноставни операции значајни за стручното оспособување на помошник молеро-лакер.
Во текот на воспитно-образовната работа **наставниците** ги преземаат следните активности: објаснуваат, демонстрираат, пишуваат и цртаат на табла, читаат, поставуваат прашања, опишуваат, даваат упатства, споредуваат, мотивираат, инструираат.

## 6.4. Наставни средства и помагала

Во отсуство на посебни учебници, наставниците треба да подготвуваат прилагодени наставни материјали што произлегуваат од соодветните учебници за струката. Најголемото прилагодување се однесува на јазикот и стилот со вешто избегнување на апстрактните поими. Исто така, треба да користат практикуми и дневници за практична настава и вежби.

## 6.5. Организациски облици на наставата

Основните организациски облици на наставата се определени со Концепцијата за средно стручно образование за ученици со посебни образовни потреби.

## 6.6. Обем на потребното наставно време

Вкупно наставни часови: 2484 во три учебни години
Општо образование: 540 часа
Стручно образование: 576 часа
Практична настава: 1368 часа

**6.7. Организација на времето**

**а) Целогодишна организација (континуиран распоред)**

Воспитно-образовната работа за овој профил е определена со училишниот курикулум. Се реализира континуирано со две тримесечја и две полугодија во текот на 3 учебни години.

**б) Периодична организација**

/

**6.8. Наставен план**

Наставниот план за образовниот профил **помошник молеро-лакер** е како прилог на овој документ.

## 7. ОЦЕНУВАЊЕ

Постигањата на учениците се проверуваат усно, писмено и практично, но притоа се имаат предвид нивните можности за учење со оглед на природата на нивните пречки во психичкиот развој.

## 8. ДОКУМЕНТИ

**8.1. Сертификати:** свидетелства за завршено двегодишно образование
**8.2.** Уверение за стручна оспособеност.

## 9. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОФИЛ

**9.1. Датум на изработка:** мај 2004 година

**9.2. Институција-носител на изработката**: Биро за развој на образованието, Скопје
**9.3. Одговорно лице**: Марија Симонова, советник-Биро за развој на образованието, Скопје

**9.4. Состав на работната група:**

1. Олгица Богатиноска, раководител - Биро за развој на образованието, Скопје
2. Марија Симонова , советник - Биро за развој на образованието, Скопје
3. Билјана Чурилова, дипл. инж. арх. наставник, ДГУЦ „Здравко Цветковски"- Скопје
4. Соња Кочевска, дипл. инж. арх. АУРА ИНВЕСТ- Скопје

## 10. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОФИЛ

**Датум на започнување:** септември 2004 година

## 11. ОДОБРУВАЊЕ НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОФИЛ ПОМОШНИК МОЛЕРО-ЛАКЕР

Образовниот профил помошник молеро-лакер го донесе:
_______________________________________________
со решение број ________________од__________________ година.

## НАСТАВЕН ПЛАН

**Струка**: градежна
**Образовен профил :** поношник молеро-лакер
**Занимање**: помошник молеро-лакер
**Времетраење на образованието**: три години за двегодишно образование

| Ред. бр. | Програмски подрачја | Година и фонд на часови | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | I | | II | | III | | |
| | | нед. | год. | нед | год. | нед | год. | |
| **1.** | ***Општо образование*** | ***5*** | ***180*** | ***6*** | ***216*** | ***4*** | ***144*** | 540 21% |
| 1.1 | Мајчин јазик со литература и комуникации | 3 | 108 | 2 | 72 | 2 | 72 | |
| 1.2 | Граѓани за демократија | - | - | 2 | 72 | 2 | 72 | |
| 1.3. | Математика | 2 | 72 | 2 | 72 | - | - | |
| **2.** | ***Стручно образо-вание*** | ***8*** | ***288*** | ***5*** | ***180*** | ***3*** | ***108*** | 576 22% |
| 2.1. | Основи на градежништвото | 4 | 144 | 2 | 72 | - | - | |
| 2.2. | Градежни материјали | 4 | 144 | - | - | - | - | |
| 2.3. | Технилогија на работењето | - | - | 3 | 108 | 3 | 108 | |
| **3.** | ***Практична обука*** | ***8*** | ***288*** | ***13*** | ***468*** | ***17*** | ***612*** | 1368 57% |
| 3.1. | Практична настава | 8 | 288 | 13 | 468 | 17 | 612 | |
| | *ВКУПНО ЧАСОВИ (1+2+3)* | ***21*** | ***756*** | ***24*** | ***864*** | ***24*** | ***864*** | 2484 100 % |
| **4.** | ***Задолжителни активности*** | | | | | | | |
| 4.1. | Спорт и спортски активности | - | 72 | - | 72 | - | 72 | |
| 4.2. | Активности од областа на културата | - | 72 | - | - | - | - | |
| **5.** | ***Факултативна настава*** | | | | | | | |
| **6.** | ***Слободни часови на училиштето*** | - | до 72 | - | до 72 | - | до 72 | |
| 6.1. | | | | | | | | |
| 6.2. | | | | | | | | |
| 6.3. | | | | | | | | |